**Nozetal 0.05%,**
**0.5 mg/ml капки за нос, раствор**

---

УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

# NOZETAL 0.05%

**0.5 mg/ml капки за нос, раствор**
***Xylometazoline hydrochloride***

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи тоа содржи важни информации за Вас.**
Овој лек се издава и без лекарски рецепт. Меѓутоа, за да постигнете најдобри резултати во лекувањето треба внимателно да го употребувате лекот NOZETAL 0.05% капки за нос.

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.
- Ако симптомите се влошат или ако не се подобрат после 5 дена мора да го контактирате Вашиот лекар.
- Ако се јави сериозно несакано дејство или ако забележите несакано дејство кое не е опишано во ова упатство, веднаш кажете му на Вашиот лекар или фармацевт.

**Упатството за употреба содржи:**

1. Што претставува лекот NOZETAL 0.05% и за што се употребува
2. Што мора да знаете, пред да употребите лекот NOZETAL 0.05%
3. Како се употребува лекот NOZETAL 0.05%
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на NOZETAL 0.05%
6. Содржина на пакувањето и други информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ЛЕКОТ NOZETAL 0.05% И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

NOZETAL 0.05% капките за нос се наменети за употреба во нос за отстранување на:

- Назална конгестија (запушен нос, вклучувајќи настинка);
- Целогодишен и алергиски ринитис (повторувачко воспаление на слузницата на носот, вклучувајќи и треска);
- Синузитис.

NOZETAL 0.05% капките за нос содржат активна компонента ксилометазолин хидрохлорид кој помага во отварањето и чистењето на носните ходници, преку намалување на прекумерната назална секреција и враќањето на отечените крвни садови во нивната нормална големина.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ NOZETAL 0.05%

**Немојте да употребувате NOZETAL 0.05% кај Вашето дете:**

- ако е на возраст под 6 години;
- ако е алергично (преосетливо) на ксилометазолин хидрохлорид или на која било друга помошна состојка на лекот (наведени во делот 6);

- ако има воспалени носни ходници;
- е алергично на други деконгестиви;
- ако неодамна било подложено на неврохируршка оперција;
- ако има срцево заболување или хипертензија;
- ако има дијабетес;
- ако има хипертироидизам (прекумерно активна штитна жлезда);
- ако има глауком-затворен агол;
- ако има феохромоцитом (тумор на нервите асоциран со хормоналните жлезди);
- ако прима инхибитори на моноамино оксидаза (MAOIs) или ги има прекинато во последните 14 дена;
- ако ако прима бета блокатори.

**Бидете особено претпазливи со NOZETAL 0.05%**

Пред да започнете да употребувате NOZETAL 0.05%, известете го Вашиот лекар, ако Вашето дете:

- има срцево или циркулаторно заболување;
- ако зприма било кој друг лек или е под лекарска грижа.

Ако забележите појава на халуцинации, немир или нарушување на сонот кај Вашето дете, прекинете со употребата на NOZETAL 0.05% капки за нос.

**Не употребувајте NOZETAL 0.05% повеќе од 5 последователни дена. Чувајте го лекот подалеку под дофат и поглед за деца.**

**Употреба на други лекови и NOZETAL 0.05%**
Немојте да го употребувате овој лек ако Вашето дете употребува друг деконгестив. Ве молиме да го известите Вашиот лекар или фармацевт ако Вшето дете употребува, ако неодамна употребувало било какви лекови (особено антидепресиви, моклобемид, лекови за висок крвен притисок или срцеви проблеми, лекови за намалување на апетитот, окситоцин или ергот алкалоиди), вклучувајќи ги и оние кои се издаваат без лекарски рецепт.

**Бременост и доење**
Ако сте бремена или ако доите советувајте се со Вашиот лекар или со фармацевт пред да го земете овој лек.

Прашајте го Вашиот лекар или фармацевт за совет пред да земете било каков лек.

## 3. КАКО СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ NOZETAL 0.05%

**Дозирање**

**За деца на возраст од 6-12 години**

1 до 2 капки во секоја носница 1 или 2 пати на ден. Не треба да употребувате повеќе од 2 дози во текот на 24 часа.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP • СКОПЈЕ

**Nozetal 0.05%,**
**0.5 mg/ml капки за нос, раствор**



**Не го употребувајте лекот кај деца под 6 годишна возраст.**

**Начин на употреба**

1. Вежбајте го користењето на каплката за да имате добра контрола на дозирањето.
2. Исчистете го и издувајте го носот на Вашето дете.
3. Зафрлете ја главата на Вашето дете наназад, колку што е комфорно (видете ја сликата).
4. Капнете во секоја носница како што е препорачано.

Родителите или лицата кои се грижат за детето треба да побараат медицнска помош ако состојбата на детето се влоши.

За да избегнете можно ширење на инфекцијата, ова пакување од лекот треба да го користи само едно лице.

Од хигиенски причини не го употребувајте ова шишенце подолго од 28 дена по неговото отварање.

**Не ја надминувајте препорачаната доза!**
**Не го земајте лекот со други лекови за кашлица и настинка.**

Ако употребите повеќе NOZETAL 0.05% капки за нос отколку што треба, консултирајте го Вашиот лекар или фармацевт.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА НА ЛЕКОТ NOZETAL 0.05%

Како и сите други лекови и NOZETAL 0.05% може да предизвика несакани дејства, иако истите не се јавуваат кај сите пациенти.
Може да почувствувате локална непријатност по ставањето на капките ако имате осетливи носни ходници.
Ако забележите појава на халуцинации, немир или нарушување на сонот кај Вашето дете, прекинете со употребата на NOZETAL 0.05% капки за нос.

Повремено се пријавувани следните несакани ефекти:

- Чувство на печење во носот и грлото
- Локална иритација
- Мачнина
- Главоболка
- Сува носна слузница
- Привремени и минливи нарушувања на видот

- Алергиски реакции

Паллпитации, промени во срцевиот ритам или зголемен крвен притисок исто така може да се јават, особено кај пациентите кои имаат срцеви проблеми.

**Пријавување на несаканите дејства**
Ако забележите какво било несакано дејство, треба да го известите Вашиот лекар или фармацевт. Тоа го вклучува и секое можно несакано дејство кое не е наведено во ова упатство. Несаканите дејства можете да ги пријавите директно преку националниот систем за пријава на несакани дејства: Национален центар за фармаковигиланца, или до Агенцијата за лекови и медицински средства на Р. Македонија,
Со пријавување на несаканите дејства можете да допринесете за процената на безбедноста на овој лек.

## 5. НАЧИН НА ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА NOZETAL 0.05%

Чувајте го лекот надвор од дофат и поглед за деца.

Лекот не смее да се употребува по истекот на датумот на употреба што е наведен на пакувањето. Истекот на датумот на употреба е до последниот ден од месецот што е наведен на пакувањето.

Рокот на употреба по првото отварање на шишенцето е 12 недели.

Лекот да се чува на температура под 25$^0$C.
Шишенцето да се чува добро затворено во надворешното пакување со цел да се заштити од светлина.

Медицинските производи не треба да се одстрануваат со отпадната вода и домашното ѓубре. Прашајте го Вашиот фармацевт за совет како да ги одстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки придонесуваат да се заштити Вашата околина.

## 6. СОДРЖИНА НА ПАКУВАЊЕТО И ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи NOZETAL 0.05%**
Активна супстанција: Ксилометазолин хидрохлорид
1 ml раствор содржи 0.5 mg xylometazoline hydrochloride
1 капка содржи 0.025 mg xylometazoline hydrochloride

Помошни супстстанции:
- Натриум дихидроген фосфат монохидрат
- Динатриум хидроген фосфат додекахидрат
- Натриум хлорид
- Сорбитол
- Динатриум едетат
- Бензалкониум хлорид раствор
- Прочистена вода

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ